Проектот е финансиран
од Европската Унија

МАКЕДОНСКИ
ЦЕНТАР ЗА
МЕЃУНАРОДНА
СОРАБОТКА

# ПОВИК ЗА ОБУЧУВАЧИ

за

подготовка и испорака на две обуки за потребите на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација

## 1. Позадина

Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) во 2022 година почна да го спроведува проектот „Комисијата за антидискриминација ја извршува својата превентивна и заштитна улога“, финансиран од Европската Унија.

Главната цел на проектот е да допринесе кон зајакнување на институционалниот одговор за борба против дискриминацијата и неправедниот третман кон маргинализираните групи и граѓани. Во проектот, борбата против дискриминацијата ја согледуваме од два аспекта: прво, преку добро поставени и подготвени институции за брз одговор кон распространетата дискриминација, и второ, преку зголемена граѓанска свест (граѓани, граѓански здруженија, медиуми, итн.) за еднаквост и недискриминација. Овие два аспекта се тесно поврзани и испреплетени - зајакнувањето на институциите ќе ја зголеми довербата на граѓаните и охрабри да го кренат својот глас пред неправдите и обратно, притисокот кој доаѓа од страна на граѓаните ќе влијае да имаме институции кои постојано ќе се подобруваат и соодветно ќе реагираат.

Оттаму, специфична цел на овој проект е да се поддржи и зајакне улогата на Комисијата за спречување и заштита од дискриминација (КСЗД) во почитувањето на правата на граѓаните кои се третирани нееднакво.

За да се исполнат овие цели, земајќи ги предвид потребите на целната група, се дефинираат три резултати:

1. Институционално зајакнување на Комисијата за унапредување на принципите на еднаквост, толеранција и недискриминација;
2. Зајакнати капацитети (комесарите и стручната служба);
3. Зголемена свесност и доверба на општата јавност во механизмите за антидискриминација преку директна поддршка на локални ГО.

Градењето на капацитети за создавање на нов импулс, во рамки на проектот ќе создаде можности за реализација на вториот резултат од проектот- да се подобрат внатрешните капацитети на новоизбраната Комисија (комесари и членови на стручната служба). Работата со прашања и ситуации од голема релевантност како што е недискриминацијата и еднаквоста бара специфично знаење, истражување и практични вештини. Со предвидените обуки, новата Комисија ќе влезе во циклус на учење што ќе биде корисен прво во поглед на откривање на нејзините недостатоци, а второ во креирање на соодветен простор за учење за нивно надминување.

## 2. Теми и цели на обуките

Предвидено е да се реализираат две обуки на следните теми:

### 1. Основни ИТ вештини

Целта на обуката за основни ИТ вештини е да ги зајакне капацитетите на КСЗД фокусирајќи се на следните елементи: Microsoft office (word and excel), користење на интернет, и користење на одредени системски алатки кои може да ја подобрат и олеснат организацијата на работата на КСЗД.

### 2. Работа со други/тимска работа

Целта на обуката е да ги зајакне капацитетите на вработените на КСЗД за решавање на проблеми и организациски вештини, тимска ефикасност, делегирање на задачи, водење на состаноци итн.

За двете обуки, методологијата на работа треба да биде комбинација на теоретско излагање и интерактивно вклучување со практична примена на вежби за време на сесиите. Пред почетокот на обуките од обучувачите е предвидено да спроведат кратка проценка на знаењето за утврдување на конкретните подтеми кои ќе бидат опфатени во секоја од обуките.

## 3. Активности што треба да се спроведат

Во соработка со МЦМС, должностите и одговорностите на обучувачите се следните:

- проценка на знаењето на КСЗД за наведените теми за обука и утврдување на конкретни подеми кои ќе бидат покриени;
- подготовка на агенда за дводневна обука и "handouts" за учесниците;
- спроведување на обуката;
- извештај по спроведувањето на обуката.

## 4. Испораки/резултати

До крајот на задачата, треба да се испорачаат две обуки, една за градење на капацитетите на КСЗД за ИТ вештини и една за работа со други/тимска работа.

## 5. Времетраење и временски распоред на задачата

Обуките се планира да се одржи во текот на месеците април, мај и јуни 2022 година надвор од Скопје. Точното време на одржување на обуката и локацијата ќе бидат дополнително договорени со избраните обучувачи.

## 6. Вредност на задачата

За реализирање за секоја од обуките се предвидени по 6 експертски дена (или вкупно 12 експертски дена за двете обуки): 1,5 ден за оценка на знаењето на КСЗД согласно темите, 2 дена за подготовка, 2 дена за реализација на обуката, 0,5 дена за поднесување на извештај од сработеното.

За секоја обука е предвидено да има по еден обучувач. Понудата е делива, и обучувачите треба да потенцираат за која обука се пријавуваат.

## 7. Критериуми кои треба да ги исполнуваат обучувачите

- Да има завршено високо образование и стекната диплома во соодветната област;
- Да има најмалку 10 години професионално искуство;

- Да има најмалку 5 години професионално искуство во спроведување обуки;
- Да има спроведено најмалку три обуки на темата за која се пријавува;
- Да поседува развиени комуникациски, презентациски и фацилитаторски вештини.

Избраните обучувачи постојано ќе комуницираат со координаторот на проектот и ќе ги следат упатствата и забелешките на програмскиот тим.

## 8. Постапка за изразување на интерес

Со цел да се пријавите за обучувач/ка треба да ги испратите следните документи:

- Професионална биографија;
- Писмо за изразување на интерес, во кое е наведено за која обука се пријавувате заедно со финансиската понуда изразена во бруто сума по ден во денари;
- Првичен предлог дневен ред за дводневна обука за обуката за која се пријавувате.

Повикот е отворен и за физички и за правни лица.

Рокот за пријавување и поднесување на документите е до **18 април (понеделник) 2022 г.** на следната електронска адреса fiv@mcms.mk. Доколку имате прашања во врска со повикот испратете ги на истата електронска адреса.

Бр. 09-85/5-2022
11.4.2022 г.
Скопје